Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Градоначалникот на Општина Куманово, на ден 20.08.2019 година, донесе

Рок на чување:

Петлиг

Куманово

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ ЛУПД со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1 и КП 381/2, КО Речица - Општина Куманово, потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ ЛУПД со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1 и КП 381/2, КО Речица - Општина Куманово, се определуваат следните: Општина Куманово, комуналните претпријатија што обезбедуваат услуги за водоснабдување и одведување на отпадните води, постапување со комунален отпад, жители на населбите, сопствениците на земјиштето на соседните катастарски парцели, невладини организации и здруженија на граѓани и други заинтересирани страни.

3. За планскиот документ ЛУПД со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1 и КП 381/2, КО Речица - Општина Куманово, за чија изработка е одговорен „ВЕКТОР ТТ “ ДОО Куманово, а го донесува Општина Куманово, се очекува дека ќе има влијанија врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните ѝ површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален, градежен и опасен отпад, влијание врз амбиентниот воздух и влијание врз биодиверзитетот, влијание врз имоти на лица и влијание врз здравјето на луѓето.

5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена, се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.**kumanovo**.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-уп1- 3206
КУМАНОВО
Место Куманово

ОПШТИНА

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Максим Димитриевски**

-------------------------

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | ЛУПД со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1 и КП 381/2, КО Речица - Општина Куманово |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Сектор за урбанизам, Општина Куманово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Куманово |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Емилија Сларидис-Јаневска, диа |
| Назив на работното место | Овластен раководител на Сектор за урбанизам |
| Контакт податоци за лицето | 031 475 828<br>тел 077 461 354 smilevska.tamara@yahoo.com |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање<br>Иницијатива на приватен инвеститор | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Се донесува нов плански документ | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА, Планирање на просторот и користење на земјиштето | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да, 3,15 ха | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| ЛУПД со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија на КП 379/1, КП 379/2, КП 380, КП 381/1 и КП 381/2, КО Релица - Општина Куманово е рационално користење на земјиштето преку урбанизација на истото што ќе допринесе за нов циклус во развојот на економијата и стопанството и максимално вклопување на инфраструктурата и објектите во теренот, вградување заштитни мерки . | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Планирање на просторот | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| Согласно обврските од законот за просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |
| Плански опфат се наоѓа вон планскиот опфат на Град Куманово, локацијата е со површина од 3,15 ха и е неизградено земјиште, поблиско сообраќајно поврзување е автопат А1 Граница со Србија - Куманово - Миладиновци. | | | |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | | | |

| |
|---|
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Од проектите што би се реализирале во рамките на планскиот опфат потенцијално ќе се јават влијанија во текот на изградбата и во текот на експлоатацијата. Во текот на изградбата влијанијата ќе бидат поврзани со загуба на зелени површини, зголемени емисии во воздухот, бучава, емисии во почва и води и создавање на цврст отпад (генерално градежен шут) како резултат на градежните работи. Во текот на експлоатацијата се очекува да се јават емисии во воздух, вода и почва. Можно е да се влијае на квалитетот на амбиентниот воздух заради манипулација на транспортни средства во рамките на планскиот опфат. Исто така може да се очекува зголемена бучава заради манипулација на транспортни средства. Оваа бучава може да се одрази негативно на објектите за домување што се лоцирани во непосредната близина на планскиот опфат.Можно е да се изврши загадување на почвата, површинските и подземните води од директно испуштање на санитарни и атмосферски отпадни води поради непостоење на систем за канализација.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата;</td><td>Влијанијата врз квалитетот на воздухот, водите, управувањето со отпад и бучавата ќе се јават во текот на изградбата и експлоатацијата. Влијанијата што ќе се јават во текот на изградбата се краткотрајни, а ефектите се повратни (нема да се јават резидуални влијанија). Потенцијалните влијанија ќе бидат со поголемо значење во текот на екплоатацијата отколку во текот на изградбата и ќе бидат континуирани. Особено ќе бидат значајни влијанијата поврзани со одведувањето на отпадните води, имајќи предвид дека во планскиот опфат нема изградено канализациона мрежа. Можно е перманентно да се наруши квалитетот на подземните и површинските води од испуштање на санитарни и атмосферски отпадни води. Ќе се наруши и квалитетот на воздухот поради зголемена и континуирана фреквенција на возила.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Во постоечкиот плански опфат не постои изграден градежен фонт. Влијанијата врз квалитетот на воздухот може да имаат негативни последици врз здравјето на населението, влијанијата врз квалитетот на водите. Намалената продуктивност на зелените површини може да резултира со негативни последици врз здравјето на населението. Меѓутоа, ќе се изврши пренамена на непродуктивно земјиште, заради што социјалните влијанија се оценети како ниски.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Прекугранична природа на влијанијата; | Не се очекува прекугранично влијание. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Не се идентификувани влијанија врз здравјето на луѓето, единствена опасност за појава на хаварија е настанување на пожар, кој не е специфично поврзан со намената на објектите во рамките на планскиот опфат. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Во околината на локацијата е застапено земјоделско земјиште. Можно е да се изврши негативно влијание врз околните објекти од штетна бучава и емисии на загадувачки материи во воздухот од транспортните средства што ќе сообраќаат на локацијата. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Имплементацијата на планскиот документ е во насока на зголемување на вредноста на градежното земјиште што би предизвикало економско влијание врз локалната економија и квалитет на живот на луѓето, можност за работа и услужни дејности, зелени површини односно дополнително оплеменување на просторот. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Според Условите за планирање издадени за планскиот опфат, нема евидентирано природно наследство кое би ја направиле локацијата ранлива на влијанија, значи со предвидениот плански опфат ќе се зголеми вредноста на градежното земјиште што би предизвикало влијание врз локалната економија. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Во планскиот опфат според условите за планирање на просторот нема евидентирано природно наследство. Во планскиот опфат нема регистрирано културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. Потенцијално ќе биде влошен квалитетот на површинските и подземните води од експлоатација на содржините во планскиот опфат доколку не се применат соодветни мерки за ублажување (одведување и пречистување на отпадните води. Надминување во квалитетот на воздухот ќе се појави поради зголемена фреквенција на сообраќајни возила. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Реализирање на планот ќе придонесе кон интензивна употреба на земјиште - градежно земјиште и зголемување на % на градежно земјиште. Реализација на сообраќајниот систем овозможува понатамошно планирање и уредување на просторот, кој со својата положба во однос на останатите површини и поврзаност со градот дава можност за понатамошен просторен развој. |

| | |
|---|---|
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Предвидениот плански документ нема влијание врз области или пејсажи кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитни подрачја |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Урбанистичкиот план врши дефинирање на просторната организација во границите на планскиот опфат со разместување на предвидените функции и неопходна инфраструктура. Површините за градба и сместување на предвидените функции и инфраструктура ќе бидат дефинирани со архитектонско урбанистички проект, за дел од кои ќе се врши оцена на влијанието врз животната средина.<br>Планскиот документ предвидува имплементација на активност за воспоставување на бензинска пумпна станица со услужен центар и за истата согласно Законот за животна средина (Член 24) треба да се изготви Елаборат за оцена на влијанието врз животната средина.Условите за работа ќе зависат од применетите стандарди. Со стратешката оцена би требало да се препорача примена на EMAS (управување со животната средина) или примена на стандардот за управување со животна средина (ISO 14001). | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Планскиот опфат е вон опфатот на ГУП за град Куманово и во непосредна близина на планираниот опфат не постојат објекти или инсталации кои ќе делуваат и ќе имаат влијание врз животната средина на планираните проекти, локацијата на планскиот опфат е во близина на автопатот А1 Граница со Србија - Куманово - Миладиновци. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Во планската програма за изменување и дополнување на урбанистички планови Општина Куманово дефинира програмски цели и барања за просторен развој на градот во чии рамки се поставени цели и барања за потребите од мерки за заштита на животната средина и одржлив развој кои имаат долгорочно значење. За намалување на влијанијата врз животната средина се препорачува предвидување на мерки во состав на поединечни Елаборати за заштита на животната средина при реализација на конкретни објекти. Од аспект на одржливост донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз подобрување на социо економската положба и квалитет на живеење согласно со номираната законска легислатива и оделни акти. | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>При спроведување на планскиот документ ќе се зголеми густината на сообраќајната мрежа, ќе се зголеми фрекфенцијата на сообраќај, ќе се зголеми потрошувачката на | |

енергија, вода и ќе се зголеми потребата од услуги. Овие процеси можат да придонесат кон поттикнување на економскиот развој, но од друга страна овие појави ќе резултираат со зголемени емисии и користење на природни ресурси. Со спроведувањето на планскиот документ генерално позитивно ќе се влијае на локалната економија но потенцијално ќе се наруши квалитетот на животната средина.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Единствена поврзаност и хиерархиски повисок релевантен документ од планскиот документ е Просторен план на РМ. Целите на планскиот документ се во линија на насоките на просторниот план за развој на локалната економија, идниот развој и рзместеноста на стопанството.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Не е работена претходна стратешка оцена на влијанија.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Овој плански документ подлежи на постапка на оцена на влијание врз животната средина.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник,<br>Максим Димитриевски |
| Датум 20.08.2019<br>Место Куманово | М.П. |